


# TEN BARELS
# SYRAH Reserva 2018

Ова суво црвено вино е добиено од истоимената сорта на грозје Syrah, од сопствените насади на винарија Камник. Посебноста на ова вино произлегува од двојната редукција на приносот на грозје, што резултира во парцијално дехидрирање на гроздовите на самата лоза и добивање фенолно зрело грозје. Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, висок екстракт и потенцијал за созревање. Букето изобилува со ароми на капина, црна рибизла и слива што се истакнува преку винификација со 8% Вранец грозје. Комплексноста на ова вино се должи на 20-месечното одлежување во нови буриња од американски и француски даб, што допринесува за добивање дискретни зачински тонови на мока кафе, ванила, сладок корен и темно чоколадо. Вкусот е елегантен и полн, со одлична структура, меки и кадифени танини и добро интегрирани дабови ароми со долготраен послевкус. Ова вино има капацитет на повеќегодишно созревање во шише.

Виното се служи на температура од 15-18°C, во комбинација со разни видови месо, особено дивеч во пикантен сос.

**Алкохол**: 16.5% Vol.

**Полнето**: Декември 2020